Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа ( Сл. весник на РМ бр. 5/02), член 14 став 1 од Законот за еднакви можности на жените и мажите ( Сл.весник на РМ бр.6/12) и член 14 точка 41 од Статутот на Општина Крива Паланка (Сл.гласник на Општина Крива Паланка бр.8/10), Акциски план за родова рамноправност на Општина Крива Паланка 2013 - 2016, бр. 07-1835/3 , 27.06.2013г. (Сл.гласник на Општина Крива Паланка бр 8/13),Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 12.11.2015 г. донесе

**П Р О Г Р А М А**
**За активностите на Општина Крива Паланка во областа**
**на еднаквите можности за 2016 година**

## Вовед

*Граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба/ член 9,* ***Устав на Република Македонија***

Политиката на родова рамноправност и зајакнувањето на жените, претставува едно од фундаменталните начела на демократијата и општтествениот поредок. Родовата рамноправност во Република Македонија, е уставна категорија.
Воспоставувањето на еднакви можности е грижа на целото општество, односно на сите субјекти во јавниот и приватниот сектор и претставува отстранување на пречките и создавање услови за остварување на потполна еднаквост меѓу жените и мажите.

Оваа **Програма за еднакви можности на Општина Крива Паланка за 2016 година** е изработена врз основа на **Законот за еднакви можности на жените и мажите**, во согласност со **Акцискиот План за родова рамноправност на Општина Крива Паланка 2013 – 2016** кој пак е изработен во согласност со **Стратегијата за родова еднаквост 2013-2020** донесена на 20 февруари од страна Собранието на Р. Македонија и **Националниот план за акција за родова рамноправност 2013-2016.**

Локалната власт може преку своите надлежности и преку координација со многубројните локални фактори, да превзема конкретни акции во корист на родовата еднаквост, намалување на нееднаквостите и промовирањето на вистинско еднакво општество.

И покрај бројните примери на јавна препознатливост и постигнат напредок, еднаквоста помеѓу половите сѐуште не е реалност во секојдневиот живот. Во пракса мажите и жените не ги уживаат истите права. Сѐуште постојат социјални, политички, економски и културни нееднаквости.

Ваквите нееднаквости се резултат на традиционалниот и социјалниот менталитет наметнат поради бројни стереотипи присутни во рамките на семејството, образованието, културата, медиумите, работната средина, организацијата на општеството итн. Има толку многу области во кои може да се делува со наметнување на нов пристап и правење на структурни промени.

Клучните идентификувани области во локалната заедница согласно **Акцискиот план за родова рамноправност на Општина Крива Паланка 2013 – 2016** на кои треба да се насочат активностите и интензивира работата во 2016 година за воведување на родова рамноправност се:

1. **Човекови права – недискриминација;**
2. **Жената и одлучувачките процеси во локалната заедница;**
3. **Жената и пазарот на труд;**
4. **Родово одговорно буџетирање;**
5. **Јакнење на капацитетите/ едукација на носителите на активностите;**

## I ЦЕЛИ

Основни цели на Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во рамки на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2016 година се:

1. Зголемување на нивото на сензибилизираност, разбирање и препознавање на појавата на семејно и други видови на родово базирано насилство.;
2. Подигнување на свеста и информираноста за превенција и заштита од трговија со луѓе ;
3. Промовирање и унапредување на потребата од рамноправно учество на жените и мажите во одлучувачките процеси, политичкиот и јавниот живот во локалната заедница / доследна примена на Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на РМ" бр. 06/12);
4. Унапредување на економскиот статус на жените, преку јакнење на нивните капацитети и поттикнување на женското претприемништво;
5. Интегрирање на родовата перспектива при креирање на буџетските политики, согласно со Законот за еднакви можности на жените и мажите и Стратегијата за родово одговорно буџетирање 2013-2017;
6. Јакнење на капацитетите на Комисијата за еднакви можности и општинската администрација со цел постигање на повисоко ниво на родова рамноправност во локалната заедница;
7. Редовна публикација на активности и материјали за родова рамноправност;

## **II** АКТИВНОСТИ 2016

Во текот на 2016 година во Општина Крива Паланка се планира да се реализираат следните активности од доменот на еднаквите можности.

| | **цели** | **проекти** | **активности** | **временски период** | **резултати** | **носител на активноста** | **буџет мкд** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | Зголемување на нивото на сензибилизираност, разбирање и препознавање на појавата на семејно и други видови на родово базирано насилство.; | Зголемување на свесноста и самодовербата кај жртвите за пријавување и справување со насилството | 1.1 Одржување на советување/едукативно предавање на тема разбирање и препознавање на семејно и други видови на родово базирано насилство.; | Јуни 2016 | - Зголемено ниво на свесност и самодоверба кај жртвите за пријавување на насилството до надлежните институции<br><br>-десиминација на информации (дистрибуција на флаер, медиуми, веб саитот на општината) | -Комисијата за еднакви можности<br><br>- Градоначалник | **1.1** 6000,00 |
| | | | 1.2 Подготовка, печатење и дистрибуција на едукативен материјал/ флаер, материјал за предавањето и сл. | Мај - Јуни 2016 | | | **1.2** 10000,00 |
| | | | 1.3 Промоција и медиумска покриеност на проектот | Јуни 2016 | | | **1.3** 1000,00 |
| | | | 1.4 Емитување на видео снимка од предавањето на регионалната телевизија | Јуни/ Јули 2016 | | | **1.4** 3000,00 |
| **2** | Подигнување на свеста и информираноста за превенција и заштита од трговија со луѓе ; | Препознавање на трговците со луѓе, заштита и превенција | 2.1 Одржувања на трибина, работилница на тема трговија со луѓе | Ноември 2016 | Подигната свеста и информираноста за полесно препознавање на трговците со луѓе | Комисијата за еднакви можности<br><br>- Градоначалник | **2.1** 6000,00 |
| | | | 2.2 Подготовка на печатен материјал, покани и сл. за потребите на работилницата | Ноември 2016 | | | **2.2** 5000,00 |
| | | | 2.3 Емитување на видео снимка од трибината/работилница на регионалната телевизија | Ноември/ Декември 2016 | | | **2.3** 3000,00 |
| | | | 2.4 Промоција и медиумска покриеност на активноста | Ноември 2016 | | | **2.4** 1000,00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **3** | Промовирање на потребата од рамноправно учество на жените и мажите во одлучувачките процеси, политичкиот и јавниот живот во локалната заедница / доследна примена на Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на РМ“ бр. 06/12) | **Жената и одлучувачкките процеси во локалната заедница** | Укажување од Комисијата за еднакви можности ( КЕМ) до систе органи, организации и институции на локално ниво за ,,почитување на принципот на еднакви можности и промовирање и унапредување на еднаквите можности на жените и мажите,,<br><br>-преку непосредни дирекни, средби, состаноци, веб страната на општината и др. контакти; | Континуирано 2016 | Промовирана потребата за почитување на одредбите од Законот за еднакви можности на принципот на еднакви можности/ унапредување на еднаквите можности на жените и мажите | Комисијата за еднакви можности | |
| **4.** | Унапредување на економскиот статус на жените, преку јакнење на нивните капацитети и поттикнување на женското претприемништво; | **,,Промоција на активните мерки за вработување на Владата на Р. Македонија и програмите за стекнување со одредени квалификации на Агенцијата за вработување на Р. Македонија,,** | Активна десиминација на информации и дистрибуција на истите преку стандардните форми на информирање на локално ниво ( огласни табли, веб страна на општината, медиуми и сл), дистрибуција на печатен материјал, како и преку алтернативни форми на информирање посебно на жените од руралните средини во општината, користејќи ги најразличните собири и настани кои се одржуваат во текот на годината во истите. | Континуирано 2016 | Зголемена самоиницијативноста на жените за економско јакнење и осамостојување | Комисијата за еднакви можности<br><br>-Градоначалник | 20000,00 |
| **5** | Интегрирање на родовата перспектива при креирање на буџетските политики, согласносо Зак.за еднакви можнос на жен. и мажите и Стратегијата за | **,,Воведување на родово одговорно буџетирање на локално ниво** | Активно учество на Комисијата за еднакви можности при креирањето на локалните политики и алоцирањето на средствата од општинскиот буџет од аспект на родовата рамноправност и родовата перспектива. | Континуирано 2016 | Подигање на повисоко ниво на родовото одговорно распределување на средствата, што ќе продуцира поголема транспарентност и одговорност на локалниот/ општинскиот буџет од аспект на родовата | Комисијата за еднакви можности Градоначалник | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | родово одговор буџетирање 2012-2017 | | | | рамноправност. | | |
| **6** | Јакнење на капацитетите на Комисијата за еднакви можности и општинската администрација | **Едукација за промовирање и унапредување на еднаквите можности на жените и мажите** | Учество на семинари, работилници, панел дискусии и округли маси поврзани со правото на еднаквите можности за сите. | Континуирано 2016 | Зајакнати и оспособени капацитетите и знаењата на локалната власт и локалната заедница, што ќе резаултира со повисоко ниво на родова рамноправност во заедницата. | Комисијата за еднакви можности<br><br>-Градоначалник | 20000,00 |
| **7** | Редовна публикација на активности и материјали за родова рамноправност | **Дисеминација на информации и материјали за еднакви можности** | Публицирање на информации преку дистрибуција на печатени материјали во општинскиот центар за услуги, веб страната на општината и други форми на дисеминација на информации | Континуирано 2016 | Обезбеден пристап до информациии за родова рамноправност во локалната заедница<br><br>**ВКУПНО:** | Комисијата за еднакви можности<br><br>-Градоначални | 10000,00<br><br>**85.000,00** |
| | | | | | | | |

За реализација на целите на Програмата, Општина Крива Паланка ќе ги превземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање техничките и човечките ресурси. Ќе соработува со сите чинители (организации, институции и поединци) и засегнати страни за унапредување на родовата рамноправност на локално ниво, вклучително граѓанските организации кои и ќе бидат еден од главните партнери во реализацијата на активностите.
Во контекст на дефинираните цели активностите најмногу ќе се насочуваат кон едукација и обука на населението и сите чинители во доменот на еднаквите можности.

**III МЕТОДИ НА РАБОТА**

Основни методи кои ќе бидат користени во реализација на активностите се:

- **Работни средби** –Организирани за координација помеѓу КЕМ , Градоначалникот (општинската администрација) и другите партнери во реализација на активностите (експерти од одредени области, НВО-и, целни групи на граѓани и др.) кои ќе учествуваат во имплементацијата на активностите;
- **Дискусионо обучувачки методи** – ќе бидат користени во рамките на спроведување на обуките, предавањата, советувањата и сл. согласно активностите. Во формата на обуките, предавањата, советувањата и сл. ќе се користат современи образовни технологии, аудио визуелни и мултимедијални образовни продукти. Евалуативни прашалници пополнети од страна на учесниците во активностите;
- **Истражувачко аналитички методи-** ќе се користат при и анализа на постигање на целите. Приоритетно ќе се применуваат методите на анализа, собирање, анализирање и систематизирање на информацијата (интервјуа и анкети со целните групи);
- **Информативно промотивни –** овој тип на метод ќе се користи при дистрибуцијата и презентирањето на рекламните и пропагандните материјали, организацијата на обуките, предавањата, советувањата и други потреби согласно содржината на активностите;
- **Правни** – ќе се користат при спроведувањето на процедурите за избор на понудувачи за реализација на активностите согласно Законот за јавни набавки во Р. Македонија;
- **Финансиско сметководствени методи** – ќе се користат во процесот на подготовка на буџетите за секоја активност поединечно, периодичните и финалните финансиски извештаи за реализација на активностите;

**IV ФИНАНСИРАЊЕ**

Финансирањето на активностите ќе се реализира со средства од Буџетот на Општина Крива Паланка.

**V. МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА**

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Крива Паланка и координаторот за еднакви можности кои го изработуваа овој документ ќе го следат текот и динамиката на спроведување на Програмата и ќе даваат свои оценки како и предлози за неопходни промени се со цел постигнување на утврдените цели.

До Советот на Општината, Градоначалникот и Секторот за еднакви можности при Министерството за труд и социјална политика од страна на координаторот за еднакви можности на мажите и жените ќе се доставува годишен извештаи за имплементација на активностите и реализацијата на целите.

Во делот на евалуацијата ќе се вклучи и Секторот за еднакви можности при Министерството за труд и социјална политика.

**Координатор за еднакви можности**

**Лидија Митовска**

Комисија за еднакви можности на жените и мажите

1.Раде Станковски , претседател

2.Соња Мазаковска, член

3.Гордана Стојановска, член

4.Оливер Бошковски, член
4. Зоран Цветковски, член

**Бр.09-2975/19** **Совет на Општина Крива**
**Паланка** **12.11.2015 год.**
**Претседател,**
**Крива Паланка** **М.р. Борче Стојчевски**